Добро владеење за
отвореност и отчетност
во политиката и владеењето

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на собранијата во регионот и во Република Северна Македонија

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

ActionSEE

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world

Овој проект е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржините во оваа публикација се единствена одговорност на партнерите од проектот „ACTION SEE“ и на истражувачкиот тим и на ниеден начин не ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

Автори: Данче Даниловска, Нада Наумовска

Истражувачки тим од Метаморфозис - Фондација за интернет и општество:
Бардил Јашари, директор
Мила Јосифовска, проектен координатор

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

## Отвореност на собранијата во регионот и во Република Северна Македонија

---

**Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не ги отсликуваат ставовите на донаторите.**

**Скопје, јули 2019**

## Вовед

Во соработка со партнерите од регионалната мрежа на НВО-и „ACTION SEE“, Метаморфозис, Фондација за интернет и општество ја изготви студијата на јавна политика во која го анализираме нивото на транспарентност, отвореност, отчетност на собранијата во регионот на Западен Балкан. Студијата претставува резултат на опсежно истражување, базирано на научна метода, спроведено од членовите на мрежата ACTION SEE во текот на претходните неколку месеци. Целта на нашите активности е да се утврди вистинската состојба во регионот преку објективно мерење на отвореноста на собранијата и да се адресираат препораки за нејзино подобрување. Исто така, цел е да се подобри почитувањето на принципите на доброто владеење, каде отвореноста зазема мошне важно место.

Сметаме дека ова се целите што ги споделуваме со институциите кои се вклучени во истражувањето.

Предлогот за јавна политика, со придружна анализа, е трет ваков документ. По спроведеното истражување минатата година, членовите на мрежата дадоа препораки за подобрување на отвореноста на собранијата.

Врз основа на резултатите од истражувањето спроведено во 2016 година, се направени анализи кои обезбедуваат преглед на ситуацијата во Република Северна Македонија и во регионот, вклучувајќи и забележани недостатоци и добри практики во оваа област. Врз основа на овие анализи, во изминататите две години, односно 2017 и 2018 година, беа направени препораки и „патокази“ за подобрување на специфичните области опфатени со истражувањето.

Членовите на мрежата ACTION SEE, базирајќи ја својата работа на наодите и резултатите од претпоследниот мониторинг, минатата година пристапија кон подобрување и прилагодување на методологијата за истражување и индикатори, со надеж дека новите информации кои се собраа ќе придонесат кон повисок квалитет на резултатите од проектот. Целта на користење на нови и подобрени индикатори е додавање на нови димензии на истражувањето и поефективен придонес за подобрување на отвореноста на институциите од регионот.

Поседувајќи претходно знаење, конкретни резултати и анализа на регионалната отвореност, и верувајќи дека собранијата ќе бидат водени од презентираните чекори за подобрување на состојбите во овие области и ќе работат на подобрување на истите, ние одлучивме да се залагаме за повисоко ниво на отвореност на собранијата во регионот. Така, во последните две години нашето истражување е збогатено со индикатори кои се залагаат за повисок стандард на проактивна транспарентност.

## Парламентарна отвореност во Западен Балкан

Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека парламентарната отвореност на регионално ниво се зголемила во 2018 година во однос на 2017 и 2016 година. Регионалниот просек во последната рунда на мерење достигна **66%**, што е за 5% повисоко од претходната година (61%). Овој наод е охрабрувачки поради фактот што во 2017 година беа додадени нови индикатори, кои ги заостријa критериумите за мерење и доведоа до пад на резултатот во годината кога методологијата беше ревидирана и стана построга. Веруваме дека ваквиот пристап на истражување се надоврзува на фактот дека откако не успеаја да ги исполнат напредните индикатори во 2017 година, собранијата, следствено, започнаа да се справуваат и да ја развиваат нивната отвореност според наодите и препораките на истражувањето. Сепак, овогодинешното истражувањето покажува и значителни регионални разлики во степенот на отвореност на собранието. Јазот меѓу националните собранија варира од **79%**, што го постигна црногорското собрание, до **46%** постигнат од собранието на Босна и Херцеговина. Покрај тоа, напредокот во нивото на отвореност останува нерамномерен, додека пад е забележан во случаите на неколку собранија. **Значителен напредок** од 23% е забележан во Косово чие национално собрание во 2018 година постигна 72% во споредба со 49% во 2017 година. **Мал напредок** во 2018 година е забележан во Србија и Северна Македонија, кој се движи од 3% до 7%, што доведува до најнови резултати од 58% и 66% отвореност, соодветно. **Благ пад** во 2018 година е забележан во случаите на парламентите на Црна Гора (79%) и Албанија (71%), во споредба со 2017 година кога Црна Гора постигна 80%, додека Албанија постигна 75%.

Меѓутоа, општиот заклучок е дека отвореноста на собранијата о**станува незадоволителна**.

На највисоките законодавни тела од регионот сè уште им недостасува стратешки пристап кон политиката на отвореност, како што беше посочено и укажано во анализата на отвореноста на собранието во 2016 година, но резултатите од мониторингот спроведен во 2017 и во 2018 година останаа непроменети. Барања за отвореност единствено може индиректно да се изведат од Уставот, деловникот и другите закони или акти, како што е Законот за слободен пристап до информации од јавен интерес или барања од процесот на пристапување кон ЕУ. Како такви, тие подлежат на различни толкувања и различен степен на подготвеност на парламентарното мнозинство да се придржува кон доброто управување и демократските принципи.

Информациите за работата на собранието им припаѓаат на граѓаните и потребно е постојано да се подобри постојното ниво на култура на парламентарна отвореност. Политиката на отвореност треба да се развие додека се развива темпото на новите технологии. Новите технологии треба да се користат целосно, бидејќи, меѓу другото, ќе го поддржуваат и олеснуваат објавувањето на податоците во форма што може да ја чита компјутер. Во прилог на ова, наодите покажуваат дека собранијата во регионот не се посветени на објавување на податоци во отворен формат, со што ја отфрлаат и минимизираат употребливата вредност на објавените информации.

Недостатокот на желба да се работи на подобрување на отвореноста и транспарентноста на парламентите е оригинален и потврден и во 2018 година, кога **3 од 6 собранија не одговорија на прашалникот** - Србија, Црна Гора, и Босна и Херцеговина. Неподготвеноста да се одговори на прашалникот е само по себе индикатор за недоволна отвореност и за незаинтересираност за промовирање на отвореноста.

Нашето набљудување покажа неколку „критички точки“, односно клучни препреки за развој на отвореноста на собранијата во регионот.

## Транспарентност, достапност и комуникација со граѓани

Наодите од истражувањето покажуваат дека отвореноста во доменот на **транспарентност** е зголемена на ниво на целиот регион. Единственото собрание чиј резултат се намали во овој домен е Собранието на Албанија кое го намали резултатот за 9% во однос на 2017 година. Меѓутоа, загрижувачки е фактот дека кога станува збор за **достапност за граѓаните**, собранијата низ годините стагнираат, постигнувајќи **регионален просек од 61% и во 2017 и во 2018 година**.

Собранијата мора да работат на подобрување на нивниот контакт со граѓаните за целосно да ја проведат нивната улога како највисоки репрезентативни институции во регионалните политички системи. Ова особено се однесува на Босна и Херцеговина која во 2017 и 2018 година постигна резултат малку повисок од една третина од индикаторите – 39% и 37% соодветно.

Иако постоењето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер значително придонесува за поголема транспарентност на собранијата, потребно е понатамошно зајакнување на неговата имплементација. Најважно е собранијата да направат напори за подобрување на нивната сопствена проактивност при објавувањето на информации за работата.

Иако помеѓу собранијата во регионот има првенци и примери за добра практика кога станува збор за објавување податоци за работата на собранието и пратениците, заклучивме дека законодавната рамка и декларативното залагање за почитување на правилата на отвореност и меѓународните стандарди вообичаено остануваат само на хартија. Истражувањето од 2018 година исто така покажува дека информациите за активностите на пратениците во парламентарните комисии, документите што произлегуваат од работата на комисиите или доставените амандмани сè уште не се објавени од страна на голем број собранија во регионот. **Интеракцијата со граѓаните, вклучително и можностите за контакт со собранието преку електронска пошта, други канали за комуникација преку Интернет или доставување електронска петиција, во 2018 година се намалиле достигнувајќи алармантно ниско ниво со просечен регионален резултат од 31%**, во споредба со 35% во 2017 година. Собранието на Црна Гора, кој ја носи титулата шампион на отвореност, постигнува само 31% во интеракција со граѓаните. Собранијата кои најмалку комуницирале со граѓаните во 2018 година се Собранието на Србија (24%) и Собранието на Босна и Херцеговина (14%). Собранијата во регионот продолжуваат да бидат инертни и да немаат желба за инвестирање во нови канали за комуникација кои би помогнале при решавање на јазот помеѓу граѓаните и нивните репрезентативни институции. Друг регионален проблем е почитувањето на принципот податоците да се објавуваат во отворен формат со што ќе се подобри достапноста и ќе биде полесно за граѓаните да собираат податоци.

Резултатите за интеракцијата со граѓани се особено интересни затоа што во секоја земја постои основа за спроведување **јавни консултации**, особено во Албанија (100%), Косово (77%) и Црна Гора (77%). Во овој поглед, собранијата имаат главно изработени инструменти кои му овозможуваат на собранието да организира јавни расправи, да го покани граѓанското општество или експерти да учествуваат и да доставаат предлози и им овозможува на граѓаните и граѓанското општество, на пример, да присуствуваат на седниците на парламентарните комисии.

Она што несомнено предизвикува загриженост е фактот дека транспарентноста и комуникацијата со граѓаните остануваат ниски кога станува збор за подготвување, дискутирање, усвојување и презентирање (како отворени податоци) на најважниот годишен законодавен акт во секоја земја – **државниот буџет**. Просечниот резултат за секоја земја во 2018 година се зголемил за 10% во споредба со 2017 и достигнува 51%. Меѓутоа, половина од земјите продолжуваат да покажуваат незадоволителни резултати: Босна и Херцеговина (23%), Србија (30%) и Северна Македонија (38%). Суштествено е собранијата во регионот да направат напори за да започнат целосно да ги ценат значењето, улогата и мислењето на граѓанското општество во демократијата и да ги подобрат механизмите за соработка со него. Забележано е дека покрај тоа што постојат механизми и декларативни тврдења од страна на носителите на законодавна моќ, собранискаta соработка со граѓанското општество во регионот е генерално нарушена. Собранието на Република Србија ја прекина соработката со Отвореното собрание по негодувањето од страна на оваа иницијатива за начинот на кој се расправаше и се усвои Законот за буџет за 2018 година.

## Надзор на собранието – добра основа и слабо спроведување

Собранијата во регионот на Западен Балкан и натаму имаат добра основа за спроведување на **парламентарниот надзор**, што вклучува процедури кои му овозможуваат на собранието да ги доведе во прашање одлуките на владата и да направи таа да ја сноси одговорноста, но и собраниските комитети да вклучуваат експерти во консултациите во врска со некои законски акти или политички области. Оваа година, собранието на Косово (95%) го престигна собранието на Црна Гора што ја имаше најдобрата ранг-позиција, кое пак повторно постигна 93%. Што се однесува до другите национални собранија, резултатите не претрпеа промени во однос на претходните мерења - собранијата на Албанија (88%) и Северна Македонија (83%). Собранието на Србија е единственото што забележа пад од 5%, постигнувајќи 67% во 2018 година, во споредба со 72% постигнати во 2017.

Меѓутоа неопходно е значително да се зајакне надзорот на собранијата на ниво на цел регион, со акцент на целосно спроведување на овој надзор во пракса.

Собранијата во регионот и во 2018 година продолжуваат само формално да ја спроведуваат оваа функција, што доведува до фактот дека резултатите од надзорот на собранијата всушност недостигаат. Потребата да се зајакне контролата и надзорната функција на собранието во однос на ефикасно имплементирање беше повторно нагласена од Европската Комисија во поединечните извештаи за секоја земја објавени во мај 2019 година.

Ваквата ситуација нè доведува до минатогодишниот заклучок. Влошувањето на работата на Собранието како клучна институција во однос на обезбедување на владеењето на правото и функционалниот систем на кочници и рамнотежи, што се рефлектира со ретко и површно извршување на надзорот над извршната власт претставува сериозен проблем за демократскиот процес на регионот и процесот за интеграција во ЕУ. Сите собранија во регионот мора да вложат напори за целосно и суштинско спроведување на постојните механизми, со што ќе придонесат за зголемување на нивото на политичка одговорност.

## Слабо оценување и контрола на работата на собранијата и однесувањето на пратениците – ефекти, интегритет и етика

Трета година по ред истражувањето покажува дека работата на собранијата во регионот не е базирана врз воспоставена постојана методологија и соодветни индикатори за мерење на резултатите и квалитетот на нивната работа и работата на пратениците. Стратешкото планирање на собранијата на регионално ниво е дури пониско од претходните години. Овој аспект на отвореност на собранието се однесува на правната основа и капацитетите на собранието да спроведе проценка на регулаторното влијание на законите и другите правни документи што се донесуваат во собранието, а ги спроведува владата. Во споредба со 2017 година, кога четири собранија исполнија неколку критериуми во оваа област, во 2018 година само три собранија успеаја да ги задржат резултатите – Албанија (33%), Босна и Херцеговина (40%) и Црна Гора (33%). Собранијата на Србија и Косово постигнаа нула поени втора година по ред, додека собранието на Северна Македонија им се придружи во 2018 година. Оваа состојба што се повторува од година во година продолжува да има влијание врз перформансите на собранијата, бидејќи тие не спроведуваат оценување на влијанието и разумно планирање.

Состојбата со лобирање е за нијанса подобра во 2018 година бидејќи Србија им се придружи на Северна Македонија и Црна Гора како земја што донесе регулатива во оваа област. Сепак Србија останува единствената земја во регионот што нема Етички кодекс за пратеници, бидејќи Северна Македонија го прифати овој документ во 2018 година. Генералниот заклучок е дека имплементацијата на Етичкиот кодекс останува на ниско ниво во целиот регион.

Суштествено е собранијата кои сè уште го немаат донесено Етичкиот кодекс, да го постават како приоритет на своите агенди. Понатаму, потребно е сите собранија на земјите од регионот да воспостават јасни механизми за надгледување и имплементација на Етичкиот кодекс за пратеници, но и да го казнуваат секое прекршување на стандардите. Практиките од регионот покажуваат дека прекршувањето на Етичкиот кодекс генерално не резултира со казнување на недоличното однесување и честопати претставува предмет на политички договори. Постојана имплементација на правилата и принципите утврдени со Етичкиот кодекс е клучна за подигнување на нивото на политичката одговорност и довербата на јавноста во работата на собранијата.

## Отвореност на Собранието на Република Северна Македонија

Отвореноста на Собранието на Република Северна Македонија е незначително подобрена во споредба со 2018, односно исполнува 66% од индикаторите за отвореност, што е за 8% повеќе од 2018. Тренд на благо подобрување на отвореноста се бележи и на регионално ниво, бидејќи во последната година парламентите ја подобрија исполнетоста на индикаторите за отвореност за 4%. Сега регионалниот просек на отвореност е 66%, со што Собранието на Република Северна Македонија со своите 66% отвореност влегува токму во рамките на регионалниот просек.

Благиот пораст на отвореноста упатува дека Собранието применило незначителен или минимален дел од препораките на ова истражување дадени во изминатите две години. Впрочем, може да се каже дека усвојувањето на Етичкиот кодекс за однесување на пратениците[1] во 2018 година е речиси единствениот индикатор за активна транспарентност која ја придвижи активната отвореност на Собранието во последните три години. Сепак, и покрај слабиот напредок, Собранието е на второто место на отвореност на институциите во Република Северна Македонија, веднаш после Владата, која исполнува 78% од индикаторите за отвореност. Се чини дека и покрај неколкуте иницијативи[2] на Собранието да се ангажира за подобрување на транспарентноста, функционалноста и кредибилноста на институцијата, постојаниот општествен контекст и политичките кризи[3] влијаат врз овие процеси, како што се, на пример, измените на Деловникот, бидејќи за неговата измена веќе подолг период не може да се постигне консензус помеѓу парламентарните партии.

Но, и покрај минималниот напредок во поглед на воочените недостатоци, Собранието ги спроведува востановените добри практики на отвореност. Па така, Собранието и понатаму редовно ги објавува календарите на седниците и дневните редови за работа на пленарните сесии и на работните тела, видео и стенограмските записи од пленарните седници, присуството и начинот на гласање на пратениците на пленарните сесии, контактите и биографиите на пратениците (но не и нивните плати и средствата кои тие ги побарале за надомест на патните трошоци), како и редовно објавуваа темелни годишни извештаи. И понатаму останува забелешката дека Собранието треба да ја подобри отвореноста на работните тела (комисиите), со тоа што би се објавувале присуствата на пратениците на седниците, стенограмските и видео записите, како и начинот на гласање на пратениците на работните тела. Според сегашната пракса се објавуваат заклучоците и предложените амандмани, а видео записите и покрај тоа што се емитуваат на националниот собраниски ТВ канал, не се објавуваат на веб страницата на Собранието. Граѓанските организации укажуваат на тоа дека не се објавуваат записниците од седниците на работните тела, додека структурата на записниците е невоедначена и во праксата не ги следи одредбите на Деловникот. Во поглед на квалитетот на изготвените записници се забележува напредок, но само во работењето на мал број комисии[4].

1) Етички кодекс за однесување на пратениците во Собранието на РМ, Достапно на http://sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=6313a878-faf4-4b55-8c52-9c7d793da203

2) Институцијата ја прифати иницијативата за т.н. процес Жан Моне инициран од тројцата европратеници Иво Вајгл, Едуард Кукан и Кнут Флекенштајн, која имаше за цел поголема вклученост на Собранието во евроинтегративните процеси на државата; Мерки за подобрување на демократскиот амбиент на Собранието беа дел од Планот 3 – 6 – 9 (http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Plan%203-6-9%20MKD.pdf), што претставуваше план за имплементација на ургентните реформски приоритети на Европската комисија и на препораките на експертската група предводена од Прибе; Собранието беше дел од проектот за јакнење на капацитетите на Собранието насочени кон подобрување на регулаторната и институционалната рамка на Собранието, финансиран од ЕУ и др. иницијативи.

3) Во 2016 година државата беше во една од најдлабоките политички и институционални кризи, а на крајот на годината се случија предвремените парламентарни избори, на кои после повеќе од 10 години дојде до промена на парламентарниот состав. Следната година, Собранието беше блокирано од страна на опозицијата поради определениот притвор на шест парламентарци од опозицијата, за кои се водеше судска постапка за вмешаност во насилниот упад во Собранието на 27 април 2017 како реакција против ново избраниот претседател на Собранието. 2018 ја одбележа ратификацијата на Преспанскиот договор помеѓу Северна Македонија и Грција врз основа на кој беше решен повеќе децениски спор за името помеѓу овие две држави. По ратификацијата на Договорот следеше и долг и тежок процес на уставни измени, со кои се официјализираше името на државата во Република Северна Македонија.

4) 5ти Извештај за индексот на отчетност, транспарентност и продуктивност на Собранието за периодот 1 јануари – 31 март 2018, http://most.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Index-Report-5_ENGFinal.pdf

## Подобрување на консултативните процеси при носењето на законите

Собранието бележи раст кај индикаторите што се однесуваат на консултативните процеси при носењето закони на 88% од 61% во претходните две години. Ова пред сѐ се должи на начинот на кој Собранието ги одговори прашалниците во поглед на консултативнте процеси. Со оглед на деловничката можност експерти и претставници на граѓанските организации да учествуваат на седниците на работните тела, Собранието дава позитивни оценки за консултативните механизми. Но, ваквата можност не е и обврска за Собранието.

Непостоењето на гаранции за консултативните процеси е нотирано како слабост во многубројни извештаи, па затоа не е случајност тоа што Собранието во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство – Отворено собрание се вклучи со пет мерки во акцискиот план за 2018-2020[5], меѓу кои е и мерката насочена кон подобрување на учеството на граѓаните во законодавниот и надзорниот процес на Собранието.

Во рамките на иницијативата за Отворено собрание самата институција констатира дека постои недостаток во деловничко уредување на механизмите за учество на граѓаните во работата на Собранието, дека недоволно се користи механизмот надзорни расправи како и дека не постои можност за учество на граѓаните на истите.[6] За подобрување на консултативниот процес, Собранието предвидело четири достигнувања во периодот 2019 – 2021 година а тоа се: (1) Зголемување на процентот на работни тела кои вклучиле експерти во својата работа до 30 %; (2) Донесен акт за регулирање на надзорни расправи; (3) Донесен план за надзорни расправи; (4) Зголемување на учеството на граѓаните и граѓанските организации на седниците на работните тела до 70%. Собранието мора да ја сфати сериозно сопствената заложба во иницијативата за Отворено владино партнерство – Отворено собрание и консултативниот процес конечно мора да биде гарантиран и задолжителен, а не да се практикува факултативно.

Дополнително, специфика на повеќе парламентарни состави беше носењето закони во скратена постапка, но оваа пракса полека се напушта во 2018 година.

Ако во 2016 од донесени 366 закони дури 238[7] биле донесени во скратена постапка, во 2017 има незначително подобрување па од вкупно 42 закони со скратена постапка биле донесени 24[8]. Во 2018 се донесени 175 закони во редовна постапка, а 71 во скратена процедура[9]. Носењето закони во скратена пракса мора да се користи ограничено и само во деловнички предвидените услови бидејќи скратените рокови на постапката дополнително ја намалува можноста за квалитетни консултативни процеси.

5) Достапно на http://www.mioa.gov.mk/?q=mk/documents/open-government-partnership

6) Ibid

7) Годишен извештај на Собранието за 2016, Достапно на https://bit.ly/2lLYw16

8) Годишен извештај на Собранието за 2017, Достапно на https://bit.ly/2kebaFE

9) Годишен извештај на Собранието за 2018, Достапно на https://bit.ly/2k7CrJG

Она што е невообичаено за 2018 година и за актуелниот пратенички состав е тоа што пратениците се јавуваат како предлагачи на закони во речиси 50% од донесените закони (126 од донесените закони се на предлог на Владата, а дури 120 се на предлог на пратениците). Неактивноста на пратениците во овој домен беше постојано критикувана, но зголемувањето на активноста на пратениците ја засилува и потребата за гарантиран и задолжителен консултативен процес при носењето на законите. Законите кои доаѓаат во Собранието како предлог на Владата се очекува дека го поминале неопходниот процес на консултации во согласност со Деловникот на Владата[10]. Зголемената активност и предлагањето закони од пратениците значи дека овој задолжителен механизам за консултации на Владата не се случил и дотолку повеќе подразбира усвојување деловнички одредби или носење други внатрешни акти со кои ќе се гарантираат консултациите на предлог законите со засегнатите страни.

10) Деловник на Владата на Република Северна Македонија, член 66, Достапно на https://bit.ly/2kcZm6w

## Финансиската транспарентност и информации од јавен карактер

Индикаторите за отвореност во поглед на државниот буџет бележат покачување од 11% во споредба со минатата година, но со само 38% исполнетост сѐ уште претставуваат најслаб сегмент во спектарот на информации што ги објавува Собранието на својата веб страница. Собранието има пракса да го објавува предлог буџетот на државата, но не и финално изгласаниот буџет или пак полугодишните извештаи за трошењето на буџетот, ниту завршната сметка. Граѓански буџет сѐ уште не е објавен на веб страницата на Собранието а не се објавува ниту линк до страницата на Државната комисија за спречување корупција каде се објавуваат анкетните листови за имотот на пратениците, ниту се објавува линк до Единствениот систем за јавни набавки.

Објавувањето податоци за финансиската транспарентност е една од мерките за кои Собранието предвидело заложба во рамките на иницијативата Отворено владино партнерство – Отворено собрание, каде е забележана потребата од зголемување на финансиската транспарентност и буџетската автономија на Собранието, и се забележува на необјавување на планот за јавни набавки на Собранието, недоволна деталност на собраниски буџет и недостапност на извештаите за извршување на собранискиот буџет[11].

11) Достапно на http://www.mioa.gov.mk/?q=mk/documents/open-government-partnership

Индикаторите за пристапот до информации исто така бележат благо зголемување од 61% минатата година на 65% во последната година од истражувањето. Но, веб страница на Собранието и понатаму не е посочено лицето кое е одговорно за пристап до информации од јавен карактер, ниту е ажурирана и објавена листата на информации од јавен карактер.

Во овој сегмент, Собранието воочило недоволно споделување на содржини од работата на Собранието со јавноста; недоволно споделување на сите релевантни документи во врска со законодавниот процес; недоволно објавени информации за гласањето на пратениците во Собранието, и недостапност на веб страната на Собранието за лицата со оштетен вид[12]. Иницијативата за Отворено владино партнерство – Отворено собрание предвидува изработка на нова веб страница за надминување на овие состојби, но во овој процес од особено значење ќе биде успешното пренесување на историјата на веќе објавени информации на постојната веб страница.

12) Ibid

## Механизми за комуникација со граѓаните треба повеќе да се промовираат

Индикаторите за интеракција на Собранието со граѓаните бележат пад од 64% на 47% во последната година. Загрижувачки е тоа што кога станува збор за достапност до граѓаните, парламентите во регионот стагнираат низ годините кога се спроведуваше ова истражување, односно нивото на достапност е на 61%. Сите парламенти мора да работат на подобрување на контактите со граѓаните за да во целост ја исполнуваат својата улога на највисок претставнички орган на граѓаните. Анкетите покажуваат дека граѓаните се поделени во однос на нивната запознаеност со работата на Собранието, односно 49% од граѓаните се делумно или целосно запознаени, додека 50% се малку или воопшто не се запознаени со перформансот на пратениците[13].

Граѓаните најчесто ги користат традиционалните медиуми за информирање за работењето на Собранието, но Собранискиот канал бил извор на информирање за само 3% од анкетираните[14]. Поразително е тоа што ниту еден испитаник не ги добиваа информациите за Собрание преку интернет страната на Собранието[15]. Собранието покажува свесност за слабата интеракција со јавноста, недоволното пренесување на информации во јавноста за секојдневното работење на институцијата и недоволна присутност на социјалните мрежи. Собранието располага со можност за испраќање електронска пошта од страна на граѓаните до пратениците и претседателот на Собранието, но и понатаму нема специјален канал за доставување претставки, предлози и канал за е-петиција. Изработката на новата веб страница треба да биде насочена кон олеснување и видливост на каналите за комуникација со граѓаните и да ги поттикнува на нивно учество.

13) Собрание под лупа: Анкета за перцепциите на граѓаните и Извештај за квалитетот на дебата shorturl.at/ltVY6

14) Ibid

15) Ibid

## Методологија на истражување

Отвореноста е клучен услов за демократијата бидејќи им овозможува на граѓаните да ги добијат информациите и знаењата потребни за еднакво учество во политичкиот живот, ефикасно донесување одлуки и барање одговорност од институциите за политиките што ги спроведуваат.

Институциите ширум светот преземаат конкретни активности со цел да ја зголемат нивната транспарентност и отчетност кон граѓаните. Со цел да се утврди степенот до кој граѓаните од Западен Балкан добиваат навремени и разбирливи информации од нивните институции, се разви регионален индекс на отвореност.

Индексот на регионална отвореност го мери степенот до кој институциите на земјите од Западен Балкан се отворени за граѓаните и општеството, врз основа на четири принципи: (1) транспарентност (2) пристапност (3) интегритет и (4) ефикасност.

Принципот на транспарентност подразбира дека организациските информации, буџетот и постапките за јавни набавки се јавно достапни и објавени. Пристапноста се однесува на обезбедување и почитување на постапките за слободен пристап до информациите и зајакнување на пристапноста на информациите преку механизмот на јавни сослушувања и зајакнување на интеракцијата со граѓаните. Интегритетот вклучува механизми за спречување на корупцијата, имплементација на Етичките кодови и регулирање на лобирањето. Последниот принцип, ефикасност, се однесува на мониторингот и евалуацијата на политиките што ги спроведуваат институциите.

Следејќи ги меѓународните стандарди, препораки и примери за добра практика, овие начела се понатаму разработени преку специфични квантитативни и квалитативни индикатори кои се оценуваат врз основа на достапност на информациите на официјалните интернет страници на институциите, квалитетот на правната рамка за поединечни прашања, други извори на информации од јавен карактер и прашалници до институциите.

Мерењето беше спроведено од декември 2018 година до крај на март 2019 година. Собирањето на податоци беше проследено со процес на верификација на податоците, што резултираше со стандардна грешка од +/- 3%. Врз основа на резултатите од истражувањето, развивме збир препораки и упатства за институциите.

**Метаморфозис Фондација за интернет и општество** е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Северна Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Програмските области во кои делува Метаморфозис се:

- медиуми за демократија
- едукација за иновации
- општествена одговорност
- човековите права на интернет

Фондација Метаморфозис

адреса: ул. „Апостол Гусларот” бр. 40, 1000 Скопје, С.Македонија
е-пошта: info [AT] metamorphosis.org.mk
телефон: +389 2 3109 325
www.metamorphosis.org.mk

